**ПРИЛОГ 3Ѓ: ОПИС НА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БРОЈ**

**Содржина:**


ПРИЛОЛОГ 3Ѓ - 1: УСЛУГА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БРОЈ ....................

1. Краток опис на Услугата....................
2. Услови за користење на Услугата ....................
3.Правила За Рутирање На Повици Кон Пренесени Броеви ....................
4. Надоместоци,Фактурирање....................
5. Параметри за квалитет ....................
6. Одговорности ....................
7. Ограничување За Користење на Услугата ....................

## ПРИЛОЛОГ 3Ѓ - 1: УСЛУГА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БРОЈ

### 1. Краток опис на Услугата

**Услуга За Пренесување На Број**

Со Услугата За Пренесување На Број, Давателот На Услуги по барање на Операторот-корисник; испитува и во случај на позитивни резултати, ги поставува бараните Национални Географски Броеви за време на претходно одредената Временска Рамка За Предавање На Број како Пренесен Број во својата Мрежа соодветно на Барањето За Пренесување На Пренесен Број.

### 2. Услови за користење на Услугата

**2.1.** Во случај на Известување за Барање За Пренесување На Број, примено од Давателот на Услугите преку интерфејсот за прием на Известувања за Барања (“Големопродажен екстранет модул за пренесување на броеви“ на Македонски Телеком АД), Давателот На Услуги е должен, во рок од 1 (еден) работен ден од денот на приемот на Известување за Барањето За Пренесување На Број да го извести Операторот-корисник за исполнувањето на условите и соодветно на тоа, прифаќањето или одбивањето на Известување за Барањето преку интерфејсот за прием на Известувања за Барањата. Во случај на одбивање, Давателот на Услуги исто така треба да даде свое образложение.

**2.2** Формата на Изјавата Од Претплатник е прикажана во Прилог 2 од Правилникот за преносливост на броеви (Барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број)

**2.3** Операторот-корисник:

**а)** во рок од 1 (еден) работен ден треба да го извести Претплатникот за прифаќањето или одбивањето на претплатничкото барање, или

**б)** во случај на прифаќање, да го склучи Претплатничкиот Договор, како што е опишано во точка 2.4.

**2.4** Во случај на прифаќање на Барањето за склучување на Претплатнички Договор за Пренесување на Број, Операторот-корисник (операторот примател) склучува Претплатнички Договор со Претплатникот во рок од 15 (петнаесет) календарски дена вклучувајќи го и денот за Известување за прифаќањето на Барањето. Доколку Претплатникот не одговори на известувањето од Операторот примател и не склучи Претплатнички Договор во период од 15 (петнаесет) календарски дена, процедурата за Пренесување на Број се прекинува. Ако по истекот на овој рок кај Претплатникот сеуште постои намера за Пренесување на Број, тоа ќе се реализира со отпочнување на нова процедура за Пренесување на Број.

**2.5** Операторот-корисник треба да го извести Давателот на Услуги преку интерфејсот за прием на Известувања за Барања, во рок од 1 (еден) работен ден сметано од денот на склучување на Претплатничкиот Договор.

**2.6** Во случај кога Барањето За Пренесување На Број вклучува помалку од 200 (двеста) Претплатнички Броеви, Барањето за Пренесување на Број треба да биде исполнето од Давателот на Услуги во рок од 2 (два) работни дена од внесувањето на податоците за тој Претплатнички Број во Централната База На Податоци од страна на Оператрот-корисник.

Во случај кога Пренесувањето На Број се имплементира заедно со Разврзан Пристап На Локална Јамка во исто време, периодот на извршување на Разврзан Пристап На Локална Јамка и

Пренесување На Број може да биде различен од периодот дефиниран во претходните ставови и истиот е во согласност со периодот дефиниран во Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка потпишан помеѓу Давателот На Услуги (Операторот даватeл) и Операторот-корисник (Операторот примател).

**2.7** Предуслов за активирање на Услугата За Пренесување На Број е Операторот-корисник да поднесе точен Рутирачки Број и Пренесен Број со трансакцијата на запис во ЦБП.

**2.8** Операторот-корисник треба да го пополни Барањето За Пренесување На Број преку интерфејсот дефиниран од Давателот На Услуги (Големопродажен екстранет модул за пренесување на броеви).

**2.9** Временската Рамка За Предавање Број е временски период од 12:00 до 16:00 часот секој работен ден.

**2.10** Повторното Пренесување на Пренесен Број во Мрежата на Давателот На Услуги е дозволено после 30 (триесеттиот) календарски ден сметано од почетокот на Услугата во Мрежата на Операторот-корисник.

**2.11** Пренесување На Број може да биде побарано од Операторот-корисник кога се однесува на аналогни терминални линии на Претплатник за еден, повеќе или сите Национални Географски Броеви на Претплатникот кои што се вклучени во Претплатничкиот Договор потпишан со Давателот на Услуги.

**2.12** Пренесување на Број може да биде побарано од Операторот-корисник за под-серии на Национални Географски Броеви на Претплатникот за ИСДН или за аналогни терминални линии само за цели серии Национални Географски Броеви на Претплатникот заедно.

**2.13** Со нарачување на Услугата За Поставување На Пренесен Број, Операторот-корисник прифаќа да го плаќа годишниот надоместок за користење на доделени броеви или серии на броеви за Пренесените Броеви на операторот корисник на тие Национални Географски Броеви на Претплатник.

**2.14** По Пренесување На Бројот Претплатникот треба да ги подмири сите обврски за раскинување на Претплатничкиот Договор кај Давателот На Услуги или доколку има Услуги од друг оператор поврзани со истиот Претплатнички Број да ги подмири сите обврски за раскинување на Претплатничкиот Договор кај Операторот кој му нуди Услуги на Претплатникот преку големопродажната услуга на Давателот На Услуги.

**2.14.**Доколку Претплатникот не го плати Еднократниот Надомест За Пренесување На Број како и надоместот за сообраќај реализиран во периодот до фактичкото Пренесување На Бројот кај друг оператор или други евидентирани долгови, Давателот На Услуги има право во рок од 3 (три) месеци од датумот на фактичкото Пренесување На Бројот да побара од Операторот корисник да го прекине обезбедувањето на услуги на претплатникот со Пренесен Број од неговата мрежа се додека не се подмират обврските. Во барањето за престанок на обезбедување на услуги, Давателот На Услуги конкретно ги наведува причините за барањето.

**2.15.**Операторот корисник во рок од 1 (еден) работен ден од приемот на барањето за престанок на обезбедување на услуги го известува Претплатникот дека доколку во рок од 5 (пет) работни дена од известувањето не изврши подмирување на долгот ќе му го прекине обезбедувањето на услугите.

**2.16.**Доколку Претплатникот во утврдениот рок не ја изврши уплатата на заостанатите долгови, Операторот корисник ќе го исклучи Претплатникот од неговата мрежа, а ќе ја извести Агенцијата да го суспендира бројот од ЦБП.

**2.17.**По подмирување на обврските кои биле причина за суспендирањето, Операторот корисник во рок од еден работен ден ја известува Агенцијата, а Агенцијата во рок од еден работен ден ја прекинува суспензијата за Претплатничкиот Број.

## 3.Правила За Рутирање На Повици Кон Пренесени Броеви

**3.1.**Условите за рутирање на Повици кон Пренесени Броеви се во согласност со условите дефинирани во Правилникот за преносливост на броеви.

**3.2**. Рутирачките кодови и Кодовите на Операторите се во согласност со Кодовите определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации и Правилникот за преносливост на броеви.

## 4. Надоместоци,Фактурирање

**4.1** Услугата За Пренесување На Број дефинирана во овој Прилог е обезбедена од Давателот На Услуги и ја користи Операторот-корисник.

**4.2.** Операторот-корисник за користење на Услугата За Пренесување На Број плаќа Еднократен Надомест За Услугата За Пренесување На Број дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци) за секое поставување на Пренесен Број според фактурата од Давателот На Услуги.

**4.3.**Операторот-корисник за користење на секој Претплатнички Број доделен на Македонски Телеком од Агенцијата за електронски комуникации плаќа Годишен Надомест За Користење На Број на Македонски Телеком АД дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци).

## 5. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време за преглед (време за преглед на Барањето За Поставување На Пренесен Број) | 1 (еден) работен дена* |
| Време На Имплементација (поставување на Националниот Географски Број на Претплатник како Пренесен Број) сметано од денот на приемот на известувањето за склучениот Претплатнички Договор со Пренесување На Број помеѓу Операторот-корисник и Претплатникот. | 2 (два) работни дена * |

* Освен кога Пренесување На Број се имплементира заедно со Разврзан Пристап На Локална Јамка или Барањето За Пренесување На Број вклучува 200 (двеста) или повеќе Национални Географски Броеви на Претплатник.

## 6. Одговорности

**6.1** Операторот-корисник ќе управува со жалбите од Претплатниците кои ги користат неговите услуги.

**6.2** Операторот-корисник треба да го извести Претплатникот во рок од 1 (еден) работен ден (доколку Пренесување На Број не е побарано за повеќе од 200 Национални Географски Броеви на Претплатник или не е побарано истовремено со Разврзан Пристап На Локална Јамка) сметано од денот кога се внесени податоците во ЦБП за тој Претплатник за Временската Рамка За Предавање Број предложена за пренесувањето на Национални Географски Броеви на Претплатник.

**6.3** Давателот На Услуга и Операторот-корисник треба да бидат одговорни за изведбата на техничката модификација потребна за поставување на Пренесен Број навремено и во Временска

Рамка За Предавање Број усогласена помеѓу Операторот-корисник и Давателот На Услуги.

**6.4** Операторот-корисник е должен да му го достави барањето за склучување на Претплатнички Договор со Пренесување На Број , во оригинал на Давателот На Услуги во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на Барањето.

## 7. Ограничување За Користење на Услугата

**7.1** Услугата За Поставување На Пренесен Број не може да се користи од привремени телефонски броеви.

**7.2** Давателот На Услуги може да го отфрли Барањето За Пренесување На Број доколку Претплатникот наполно или делумно го има прекршено Претплатничкиот Договор склучен со Давателот На Услуги.

**7.3** Давателот На Услуги ќе може да ја обезбеди Услугата За Пренесување На Број на Операторот-корисник од моментот кога сите оператори ке ги завршат своите технички подготовки за имплементација на Преносливост На Броеви.

**7.4.** Македонски Телеком АД како Давател На Услуги ќе го одбие Барањето За Пренесување На Пренесен Број доколку се работи за VSAT Претплатник